Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. ____________________

Охрид, _________20___ год.

Врз основа на Одлуката донесена од страна на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, арх. бр.02-477/8 од 23.7.2024 година, Универзитетот за информатички науки и технологии на ден 14.10.2024 година објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година**

1. Универзитетот распишува интерен оглас за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител а кои ќе се стекнат со поволноста за плаќање половина од износот на уписнина за прв циклус студии во академската 2024/2025 година.
2. Студентите запишани на студиските програми на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид а чие родителско право го врши само еден родител, со пријава на интерниот оглас, согласно наведените услови, рокови и потребната документација, може да аплицираат за остварување на правото за плаќање половина од износот на уписнина за прв циклус студии во академската 2024/2025 година.
3. Право на учество на огласот има секој студент кој **запишал зимски семестар на прв циклус студии во академската 2024/2025 година а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст-апликант), односно има:**
   - **Само еден родител запишан во изводот на матична книга на родени, или**
   - **Починат родител, или**
   - **Родител кој го загубил родителското право.**
4. За спроведување на постапката за селекција на апликантите од интерниот оглас, универзитетот ќе формира комисија а аплицирањето ќе се врши на следнава електронска адреса: interenoglas@uist.edu.mk
5. Апликантите, **во рок од 10 (десет) дена од објавување на интерниот оглас** преку објавената електронска адреса ќе треба да достават пријава со потребната документација.
6. Проверката на апликациите се состои од проверка на:
   - Материјалните можности на кандидатот и/или неговото семејство (проверката важи за сите кандидати)
   - Положени најмалку 90% од сите предвидени испити (за кандидатите од повисоките години). Овој услов треба да биде кумулативно исполнет, заедно со

условот за материјалната состојба на кандидатот. Во спротивно, комисијата е должна да ја одбие пријавата.

7. По однос на материјалните можности на апликантоти/или неговото семејство евалуацијата се врши на следниов начин:

- ✓ За материјалните можности на кандидатот и на неговото семејство, се земаат вкупните месечни примања по член на семејство на кандидатот (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика.
- ✓ Вкупните месечни примања по член на семејство на кандидатот (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) **потребно е да се помали или еднакви со 55% од просечна исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика.**
- ✓ Пресметката се врши според следнава формула:[(Последна исплатена плата од родителот + Последна исплатена плата од други членови на семејството) / Вкупен број на членови на семејството] + [Приходи од вршење стопанска и професионална дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејство)] + [Приходи од вршење земјоделска дејност / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Приходи од имот и имотни права / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)] + [Останати приходи / (12 месеци * Вкупен број на членови во семејството)]}

8. Со пријавата апликантите, во pdf-формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - Потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
   - За корисници на социјална помош се доставува последното решение/потврда од центарот за социјални работи,
   - За пензионирани членови на семејството се доставува документ за висина на пензија,
   - Пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход,
   - За родител на кој му е одземено родителското право – решение од надлежен суд,
   - За починат родител – извод од матична книга на умрени,
   - Потврда од Управа за јавни приходи.
9. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител универзитетот треба да изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати. Комисијата самостојно креира ранг листа согласно исполнетоста на условите од точка 6 на овој оглас и ја објавува на интернет страницата на универзитетот во рок од 5 дена од истек на рокот за аплицирање по огласот.
10. Апликантите имаат право на приговор по објавената ранг листа во рок од 3 работни дена од денот на објавувањето. Комисијата ќе ги разгледа и ќе одговори на

приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна или исполнува одреден услов, тој се симнува од ранг листата.

11. Конечната ранг листа се објавува најдоцна до 30.11.2024 година.

**Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид**